ОБСЕ
Организација за безбедност и
соработка во Европа
**Мисија во Скопје**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
## ПОЛИЦИСКА АКАДЕМИЈА

# ГОДИШЕН КАТАЛОГ

## НА КОНТИНУИРАНИ ОБУКИ

**Знаење. Вештини. Одговорност.**
**Професионализам во служба на граѓаните.**




**ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ**
Континуирано унапредување на знаењата и вештините

**ПОГОЛЕМА БЕЗБЕДНОСТ**
Подготвени за сите предизвици

**ЕТИКА И ИНТЕГРИТЕТ**
Стандарди што градат доверба

**КАРИЕРА И НАПРЕДОК**
Обуката е патот кон професионален раст

**„Постојано учиме – подобро служиме."**

**2026**

ПРОФЕСИОНАЛНОСТ · ОДГОВОРНОСТ · ПОСВЕТЕНОСТ

МИНИСТЕРСТВО ЗА
ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
ПОЛИЦИСКА АКАДЕМИЈА

# ГОДИШЕН КАТАЛОГ
# НА КОНТИНУИРАНИ ОБУКИ

Јуни 2026 година

Содржината на оваа публикација, ставовите, мислењата, наодите, толкувањата и заклучоците изнесени во неа не мора да ја одразуваат официјалната политика или позиција на ОБСЕ. Поради овие причини, не може да се покренат никакви барања против ОБСЕ во однос на потенцијалните последици од веродостојноста на информациите или заклучоците содржани во оваа публикација.

# Содржина

| | |
|---|---|
| АКРЕДИТАЦИЈА НА ПОЛИЦИСКАТА АКАДЕМИЈА | 5 |
| Обраќање | 6 |
| Воведен историјат | 9 |
| Области (општ дел) | 13 |
| Континуирани обуки | 15 |
| Меѓународна соработка | 48 |

# АКРЕДИТАЦИЈА НА ПОЛИЦИСКАТА АКАДЕМИЈА

**Полициската академија е акредитирана преку ИАДЛЕСТ (IADLEST)** (Меѓународна асоцијација на директори за стандарди и обука за спроведување на законот) со поддршка на ICITAP програмата, при Амбасадата на САД во Скопје.

## БЕНЕФИЦИИ ОД АКРЕДИТАЦИЈАТА

Утврдување дека Полициската академија се придржува до највисоките меѓународни стандарди во однос на полициските стандарди и обука.

Проверка за стандардите и обуките во Полициската академија преку користењето процена којашто е спроведена од објективна агенција признаена како светски лидер во овие области.

Потврда дека наставните програми и обуките на Полициската академија се насочени кон исполнување на потребите од полициските службеници преку проверување на методот што бил искористен за развивање на тие обуки.

Крајна, најголема корист за самите полициски службеници и заедниците во кои работат тие. Полициските службеници имаат корист затоа што добиваат квалитет, наменски обуки што им помагаат да бидат успешни како во кариерата, така и во заедницата.

Заедницата има корист затоа што е уверена дека полициските службеници биле обучени на највисоко ниво низ обука што користи примерни практики и стандарди и била развиена врз основа на очекувањата на заедницата и на мисијата на полицијата.








## Почитувани корисници,

Ми претставува особена чест и задоволство, промовирајќи го овој Каталог на континуирани обуки, да ја истакнам работата на нашата Полициска академија – институција што претставува темел на безбедноста, дисциплината и професионалноста во нашето општество.

Полициската академија не е само образовна институција. Таа е место каде што се создаваат идните чувари на јавниот ред и мир, каде што младите луѓе се обучуваат да бидат одговорни, чесни и подготвени да им служат на граѓаните со достоинство и интегритет. Нашата академија претставува симбол на доверба и сигурност, но и доказ дека државата вложува во квалитетен кадар и современа безбедносна култура.

Во изминатиот период Академијата постигна значајни резултати благодарение на посветениот наставен кадар, модерната наставна програма и практичната обука којашто е усогласена со современите стандарди. Обуките што ги нудиме се насочени кон професионално усовршување во повеќе области: криминалистика, јавен ред и мир, сообраќајна безбедност, тактичка подготовка, употреба на современа опрема, како и обуки за почитување на човековите права и професионална етика.

Особено сме горди на фактот дека нашата Полициска академија произведува кадар што веднаш е подготвен да одговори на предизвиците на терен. Обучените полициски службеници покажуваат висока дисциплина, професионална зрелост и одговорност во извршувањето на своите задачи. Тие се подготвени да дејствуваат во различни ситуации — од секојдневни интервенции, до сложени безбедносни предизвици, кои бараат смиреност, брзина и стручност.

Успешноста на Академијата се гледа и преку постојаното подобрување на наставните методи, воведувањето нови технологии и симулациски вежби, како и преку соработката со други институции и меѓународни партнери. Тоа ни овозможува да бидеме во чекор со европските и со светските стандарди за полициска едукација и да обезбедиме квалитет што е конкурентен и признаен.

Но најголемиот успех на нашата Полициска академија се луѓето — генерациите млади полициски службеници што излегуваат од овие училници и полигони со јасна мисија: да ги штитат државата и граѓаните. Тоа се луѓе што не избрале само професија, туку избрале служба. Служба што бара храброст, посветеност и чест.

Во време кога предизвиците во безбедноста се сè покомплексни, улогата на Полициската академија е поважна од кога било. Таа продолжува да биде двигател на квалитетни промени, да создава стабилен и обучен кадар и да гради доверба меѓу институциите и граѓаните.

Ја користам оваа пригода да изразам и благодарност до сите обучувачи, инструктори и вработени што секојдневно вложуваат труд за Академијата да функционира успешно. Благодарност и до сите кандидати и учесници, кои со својата дисциплина и желба за знаење ја докажуваат вредноста на оваа институција.

Нашата Полициска академија е успешна затоа што создава професионалци!
Таа е успешна затоа што гради карактер!
Таа е успешна затоа што ја гради иднината на безбедноста во нашата држава!

Со почит,

**м-р Влатко Митковски**

Помошник на министерот
Полициска академија

**Континуираното учење е темел на професионалната извонредност и јавната доверба**





# ВОВЕДЕН ИСТОРИЈАТ

Полициското образование, како и во секоја развиена држава, така и кај нас е во функција на подготовка на идните полициски службеници за компетентно извршување на задачите од нивната струка. Имено, посветувањето посебно внимание на целината на безбедносниот систем практично го креира тој круг на основно образование или обука, за потоа низ работното полициско секојдневие да биде испреплетено, со цел еден континуиран систем на надградба и специјализација на сите нивоа. Целта е подготвено да се одговори на сите безбедносни предизвици со кои се соочува државата, а особено за да биде и чекор понапред во превенирањето на сите можни облици на општествени девијации со цел успешно да се справи со нив.

Во таа смисла, историски гледано, во приватна куќа во населба Чаир, Скопје, се организирани првите курсеви за описменување на дел од партизаните, кои по завршување на војната биле распоредени од војската во тогашната милиција, така што тоа е првата „полициска школа“ со која започнува зародишот на образованието на безбедносните кадри, а потоа со нивна помош се организирале курсеви и семинари за кадри што требало да раководат со одделенија, милициски станици и одредени сектори во службата за безбедност. И тоа траело низ наредните децении, кога се поставувале темелите на полициската едукација.

Со цел обезбедување квалитетен систем на образование на кадри за безбедноста, во 1971 година првпат започнува редовно школување на полицајци, во рамките на тогашниот општ образовен систем на насочено образование, така што се отвора Средно училиште за внатрешни работи во Идризово, како прв чекор за натамошно повисоко образование од областа на безбедноста, со четиригодишна наставна програма и целосно интернатско сместување и школување на ученици, кои по завршувањето стануваа полицајци од основно ниво, но со здобиени уверенија коишто важеле само во рамките на Министерството за внатрешни работи. На тој начин, оној што ќе го напуштел ресорот, неговата диплома не се вреднувала како на другите, што меѓу другите е една од поголемите слабости на тој затворен самодоволен систем.

Според тоа, во јуни 1977 година е донесен Закон за основање Центар за образование на кадри за безбедноста и општествената самозаштита, со можност во него да се организираат образовни форми од сите степени на образование и да може да се организираат студии и да се стекнуваат повисоки научни звања, така што покрај постојното Средното полициско училиште, кое само се вклопи во овој закон, се отвора и Факултетот за безбедност за образовните потреби на комплетниот безбедносен систем на цела тогашна СФРЈ. По осамостојувањето, Факултетот за безбедност беше укинат со Законот за основање Центар за образование на кадри за областа на безбедноста во

мај 1995 година. Со овој закон се организираше средно стручно образование на кадри за потребите на Министерството за внатрешни работи (МВР), опфаќајќи полициски и пожарникарски кадри, како и кадри за установите за извршување кривични санкции. Образованието се организираше преку четиригодишно школување со интернатско сместување, а притоа Центарот обезбеди и стручно усовршување и надградување на постојните вработени во Министерството.

Вакуумот во немањето образование на полициски кадри од менаџерско ниво, но пред сè, фактот што во земјата и во нејзиното опкружување беше во тек процесот на транзиција поради распаѓањето на еден општествен систем, масовната криминализација, а од која беше загрозена безбедноста на државата и имотот на граѓаните, нивниот физички и морален интегритет, воената 2001 година, доведоа до основањето на Полициската академија со Законот за Полициската академија донесен во јуни 2003 година. Таа институција се основа заради образование кадри за потребите на Министерството за внатрешни работи, но и за други државни органи кои се стекнуваа со високо образование и континуирано образование. Во тие рамки спаѓаа основната обука за полицаец, специјалната и менаџмент-обуката. Основната обука за полицаец од овој момент трае 12 месеци, со вклучени три месеци за практична обука на терен, наместо дотогашните четири години со повеќе теориско знаење без многу контакт со практиката.

Многуте недоречености во Законот за полициската академија во кој на високото образование - покривот, му е дадена таксативна законска предност пред основната обука - темелот, како и проблемите со неговата практична имплементација во смисла на фаворизирање на високото образование за сметка на основната обука на полицаец, доведоа до тоа да се трага по најдоброто решение. Од тие причини не можеше да одговори на потребите на Министерството за внатрешни работи, особено главниот приоритет - основната обука на полицаец. Трансформацијата на Полициската академија на две независни институции, и тоа на Центар за обука, како дел од Министерството за внатрешни работи, и на Факултет за безбедност, од друга страна, како посебна високообразовна институција, законски е поставена во Законот за дополнување на Законот за внатрешни работи, така што Центарот за обука службено почна со работа на 1.8.2008 година.

Со новиот Закон за внатрешни работи од 2009 година, се направи еден квалитативен исчекор напред во процесот на имплементирање на реформите на Полицијата и на Министерството во целина во согласност со новонастанатите текови. Имено, покрај тоа што со него се уредуваат внатрешните работи, се создаде и правна основа за воспоставување систем на унапредување на овластените службени лица во Министерството и нивно оценување, или т.н. систем на кариера, при што се земаат предвид професионалните квалитети и квалификации на овластеното службено лице, неговите работни способности, завршените обуки во текот на работниот однос и начинот на извршување на работните обврски, независно од полот, расата, бојата на кожата, политичкото и верското уверување. Во таа смисла, секој работник на Министерството има право и должност да се обучува во согласност со потребите на Министерството, а Центарот за обука ја има законската надлежност за спроведувањето на обуките за Министерство за внатрешни работи (МВР).

Центарот за обука во 2007 година имплементира нов полициски образовен модел,

ориентиран кон суштински активности и заснован врз компетенции. Центарот за обука поддржува соодветни средини за учење и обука за полициските службеници, така што тие се обучуваат постојано и се навраќаат на обука секогаш кога тоа е потребно. Имено, токму тоа и значи континуираната обука на работниците во Министерството – се реализира заради поуспешно вршење на работните задачи од страна на работникот на работното место на кое е распореден, односно заради обезбедување ефикасно извршување на функцијата на Министерството. Стекнатите компетенции на учесниците се проверуваат преку тестови за мерење на компетенции, преку кои слушателот во реална ситуација или симулација, практично ги истакнува компетенциите.

Центарот за обука во 2026 година прераснува во Полициска академија врз основа на новиот Закон за внатрешни работи и Законот за Средно полициско училиште, а со тоа и повторното воведување на Средното полициско училиште во рамките на Полициската академија.

Историскиот развој на Полициската академија претставува значаен сегмент во развојот на безбедносниот систем и професионализацијата на полициската служба. Со текот на времето, системот на полициско образование се развивал од основна обука кон современ модел заснован врз основна, континуирана и меѓународна обука, со посебен акцент на современи методи, практична настава, компетенции и анализа на реалните потреби од обука.

Полициското образование не се сведува само на основна обука пред вработување, туку претставува континуиран процес на усовршување, специјализација и кариерен развој во текот на целата професионална кариера. Во услови на постојани општествени промени и современи безбедносни предизвици, континуираната едукација и усовршување на полициските службеници е од суштинско значење.

Во рамките на своите надлежности, во Полициската академија како организациска единица на Министерството надлежна за спроведување обуки за работниците во организациските единици за потребите на Министерството и на Бирото за јавна безбедност, како и за сите домашни и странски сродни институции се спроведуваат следниве обуки:

- Обука на работник кој за првпат заснова работен однос во Министерството (обука на приправник);
- Основна обука за полицаец;
- Обука заради оспособување на работник за самостојно вршење на работите на одредено работно место;
- Континуирана обука и
- Меѓународни обуки.

## НАШАТА МИСИЈА

Да обезбедиме квалитетни обуки што ја зајакнуваат професионалноста, безбедноста и угледот на полициската професија





**Инвестирај во знаење – гради безбедна иднина.**






## ЗА КАТАЛОГОТ

Овој каталог ги содржи програмите за континуирана едукација на вработените во Министерството за внатрешни работи, креирани за унапредување на знаењата, вештините и ставовите неопходни за ефикасно, законито и одговорно извршување на полициските задачи.

Изработката и промоцијата на каталогот се поддржани од **Мисијата на ОБСЕ во Скопје**.

| | | |
|---|---|---|
| **ОРГАНИЗАТОР** | > | МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ<br>ПОЛИЦИСКА АКАДЕМИЈА |
| **ЦЕЛНА ГРУПА** | > | ВРАБОТЕНИ ВО МВР И СРОДНИ ИНСТИТУЦИИ |
| **ФОРМА НА ОБУКИ** | > | ПРИСУСТВО / ОНЛАЈН / ХИБРИДНИ |
| **ПЕРИОД** | > | КОНТИНУИРАНО ВО ТЕКОТ НА ГОДИНАТА |

## ОБЛАСТИ

| | | |
|---|---|---|
| Јавен ред и мир | Компјутерски криминал и форензика | Човечки ресурси |
| Сообраќај | Човекови права | Управни работи |
| Гранични работи и миграција | Обезбедување лица, имоти и објекти | Правни работи |
| Криминалистичка полиција | Службени кучиња | Интегритет |
| Криминалистичка техника | Оружје | Менаџмент |
| Организиран криминал | Општи и заеднички работи | Финансии |




**КОНТИНУИРАН РАЗВОЈ - КОНТИНУИРАНА БЕЗБЕДНОСТ**

Обуките се реализираат тековно во текот на годината преку различни форми: аудиториски, практични, онлајн и хибридни

# КОНТИНУИРАНИ ОБУКИ

- Ракување со апарат за мерење на силата на звукот фонометар
- Користење средство за присилно запирање возила (стингер)
- Обучувачи
- Заштита од вознемирување на работното место
- Борба против трговија со дрога и психотропни супстанции
- Увид на местото на настанот I
- Протокол, односи со јавноста и дипломатија
- Лично обезбедување на определени личности
- Водич на службено куче за пронаоѓање и детекција на опојни дроги, психотропни супстанции и прекурсори
- Користење е-деловодник алатка за канцелариско и архивско работење
- Полициско работење во заедницата
- Менаџмент од ниско ниво
- Менаџмент од средно ниво
- Ментори
- Правда на деца
- Стекнување полициски овластувања
- Справување со пожари
- Ефективно полициско работење во заедниците на Ромите и Синтите во согласност со човековите права
- Полициски службеници за начинот на користење, управување и администрирање со посебен електронски систем ,,Безбеден град“
- Оценување на полициски службеници – оценувачи
- Улогата на полицијата за време на избори
- Управување со стрес;
- Ракување со огнено оружје и гаѓање
- Blueprint e-evidence supscriptor алатка;
- Оперативно-криминалистичко разузнавачка анализа
- Форензички техники на интервјуирање деца и малолетници - жртви, сведоци и сторители
- Постапка на полициски службеници при вршење увид на сообраќајна незгода
- Комуникација со заедницата
- Лидерство во полиција
- Сина храброст
- Полициски интегритет
- Водење интервју со ранливи категории жртви

## УСЛОВИ И ПРИЈАВА

**Обуките се наменети за активни вработени во Министерството за внатрешни работи и сродни агенции за спроведување на законот. Пријавувањето се врши преку надлежната организациска единица или преку системот за електронски обуки.**

| А) Идентификациски податоци | |
|---|---|
| **Област:** Јавен ред и мир | **Наслов на континуирана обука:**<br>Ракување со апарат за мерење на силата на звукот фонометар |
| **Код (ознака):** ПА 01/23 | **Ниво на програмата (основно, напредно, корективно): Основно** |
| **Б) Приказ на програмата:** | |
| **Општа цел на учењето:**<br>Целта на оваа обука е да се запознаат и да се обучат полициските службеници со неопходно ниво на знаење и развивање вештини потребни за ракување и употреба на фонометар (bruel-kjaer модел 2240) за констатирање штетна бучава во животната средина на граѓаните. | |
| **Специфични цели на учењето (работни компетенции):**<br>На крајот од обуката се добиваат полициски службеници, кои:<br>▪ ги знаат техничките карактеристики на фонометарот<br>▪ ја знаат постапката за употреба на фонометар<br>▪ знаат да употребат и да вршат мерење со фонометар<br>▪ знаат да констатираат штетна бучава; | **Клучни теми (или модули):**<br>1. Функција на фонометарот<br>2. Клучни делови и начин на функционирање<br>3. Постапка при користење на фонометарот |
| **В) Организација на обуката** | |
| **Целна група:**<br>Полициски службеници распоредени во единиците на Јавен ред и мир (ЈРМ) | **Времетраење (денови или часови):**<br>Обуката ќе се реализира во времетраење од 8 + 4 работни часа или 2 работни дена од по 6 наставни часа, при што 8 часа се наставни, а 4 часа се предвидени за полагање и оценување. |
| Големина на групата: 20 учесници | Формат (курс, работилница, семинар, ...):<br>Обука |
| **Критериуми за избор:**<br>▪ Полициски службеници што првпат се распоредени во единиците на Јавен ред и мир (ЈРМ) или што имаат тешкотии во користењето на фонометарот | **Локација:**<br>Полициска академија |
| **Сертификат за обученоста (според начинот на верификација):**<br>Сертификат за успешно завршена обука за користење на фонометарот bruel-kjaer модел 2240 | **Трансфер (практикување) на наученото:**<br>Самостојно користење на фонометарот bruel-kjaer модел 2 240 заради утврдување ситуации на „нарушување на мирот на граѓаните од штетна бучава“ |
| **Институционален испорачувач на обуката:**<br>Полициска академија | **Трошоци на обуката (вкупна цена по учесник според начинот на плаќање):**<br>▪ Институционално:<br>▪ Лично: |

| **А) Идентификациски податоци** | |
|---|---|
| **Област:**<br>Сообраќај/гранични работи и миграција | **Наслов на континуирана обука:**<br>Користење средство за присилно запирање возила (стингер) |
| **Код (ознака): ПА-**01/21 | **Ниво на програмата (основно, напредно, корективно): Основно** |
| **Б) Приказ на програмата:** | |
| **Општа цел на учењето:**<br>Целта на оваа обука е да се обучат квалитетни полициски службеници коишто ќе стекнат компетенции и ќе знаат да ги искористат вештините за избор на место за контрола и запирање со користење средство за присилно запирање возила (СТИНГЕР) | |
| **Специфични цели на учењето (работни компетенции):**<br>На крајот од обуката се добиваат полициски службеници, кои:<br>▪ знаат да запираат со користење средство за присилно запирање возила (СТИНГЕР);<br>▪ знаат да изберат место за контрола, ќе бидат квалитетни, професионални и темелни во изборот;<br>▪ имаат добри познавања од ЗБСП, Законот за возила и други применливи закони. | **Клучни теми (или модули):**<br>1. Законска регулатива<br>2. Функции на стингер<br>3. Примена<br>4. Практична употреба |
| **В) Организација на обуката** | |
| **Целна група:**<br>Униформирани полициски службеници распоредени во сообраќај, гранични работи... | **Времетраење (денови или часови):**<br>Обуката ќе се реализира во времетраење од 24 наставни часа или 4 работни дена од по 6 наставни часа. |
| Големина на групата: - 20 учесници | Формат (курс, работилница, семинар, ...):<br>Обука |
| **Критериуми за избор:**<br>▪ Полициски службеници што првпат се распоредени во единиците БСП или ГК/ГН | **Локација:**<br>Полициска академија |
| **Сертификат за обученоста (според начинот на верификација):**<br>Сертификат за успешно завршена обука | **Трансфер (практикување) на наученото:**<br>Самостојно користење „стингер“ заради присилно запирање возила управувани од лице/а во бегство |
| **Институционален испорачувач на обуката:**<br>Полициска академија | **Трошоци на обуката (вкупна цена по учесник според начинот на плаќање):**<br>▪ Институционално: МВР<br>▪ Лично: |

## А) Идентификациски податоци

| | |
|---|---|
| **Област:** Човечки ресурси | **Наслов на континуирана обука:** Обука за обучувачи |
| **Код (ознака): ПА -12/13** | **Ниво на програмата (основно, напредно, корективно): Основно** |

## Б) Приказ на програмата:

**Општа цел на учењето**:

Крајна цел на обуката е да се добие компетентен, креативен, самостоен предавач - обучувач

| | |
|---|---|
| **Специфични цели на учењето (работни компетенции):**<br><br>На крајот од обуката ќе се добие полициски службеник што знае/може:<br>▪ да ги препознае и да ги опише компетенциите на работните места во полицијата во кои се инволвирани како обучувачи<br>▪ да ги опише целите за учење што тој ги креира и ги имплементира<br>▪ да ги оцени потребите од учење на учесниците<br>▪ да знае да ги изготвува наставните програми и планови<br>▪ ги знае начините за изготвување на плановите за обука и може да учествува во изготвување на соодветни планови за обука<br>▪ да знае и да може да изготви задача за учење<br>▪ може да направи евалуација на обуката<br>▪ може да изготви прашања од задача за учење за тестови | **Клучни теми (или модули):**<br><br>1. Јасна комуникација<br>2. Мотивација<br>3. Безбедна средина<br>4. Менаџмент на настава<br>5. Морални ставови<br>6. Ставови за предавање<br>7. Тестови за мерење на компетенции<br>8. Задачи за учење<br>9. Средини за учење<br>10.Интерактивност |

## В) Организација на обуката

| | |
|---|---|
| **Целна група:**<br><br>Вработени во МВР/БЈБ | **Времетраење (денови или часови):**<br><br>Обуката ќе се реализира во времетраење од 90 часа. |
| **Големина на групата**: - 20 учесници | Формат (курс, работилница, семинар, ...):<br><br>Обука |
| **Критериуми за избор:**<br><br>▪ Вработени што имаат желба и способност преку обука да го пренесат своето знаење во конкретна област | **Локација:**<br><br>**Полициска академија** |
| **Сертификат за обученоста (според начинот на верификација):**<br><br>**Сертификат за успешно завршена обука** | ▪ **Трансфер (практикување) на наученото:**<br><br>Самостојно одржување обуки |
| **Институционален испорачувач на обуката:**<br><br>Полициска академија | **Трошоци на обуката (вкупна цена по учесник според начинот на плаќање):**<br><br>▪ **Институционално: МВР**<br>▪ **Лично:** |

## А) Идентификациски податоци

| | |
|---|---|
| **Област:** Човечки ресурси | **Наслов на континуирана обука:**<br>Заштита од вознемирување на работното место |
| **Код (ознака): ПА**-06/21 | **Ниво на програмата (основно, напредно, корективно): Основно** |

## Б) Приказ на програмата:

**Општа цел на учењето**:

Запознавање со одредбите од Законот за вознемирување на работното место заради оспособување на работниците за законско и непречено спроведување и завршување на постапката за посредување.

| | |
|---|---|
| **Специфични цели на учењето (работни компетенции)**:<br>▪ Да препознае вознемирување на работното место<br>▪ Да ја познава законската регулатива<br>▪ Да прибира сознанија во врска со настанот<br>▪ Да ја води постапката непристрасно и независно<br>▪ Да им помогне на страните да постигнат спогодба | **Клучни теми (или модули):**<br>1. Предмет, цел, примена и поими на Законот за заштита од вознемирување на работното место;<br>2. Постапка за заштита од вознемирување на работното место – теорија;<br>3. Постапка за заштита од вознемирување на работното место – практична примена |

## В) Организација на обуката

| | |
|---|---|
| **Целна група: Раководители** | **Времетраење (денови или часови):**<br>▪ Еден ден или 6 часа |
| **Големина на групата**:<br>До 20 учесници | Формат (курс, работилница, семинар, ...):<br>Обука |
| **Критериуми за избор:**<br>Да бидат компетентни за извршување оценување на работниците | **Локација: Полициска академија** |
| **Сертификат за обученоста (според начинот на верификација): сертификат за учество** | ▪ Трансфер (практикување) на наученото: |
| **Институционален испорачувач на обуката: Полициска академија** | **Трошоци на обуката (вкупна цена по учесник според начинот на плаќање):**<br>▪ Институционално: МВР<br>▪ Лично: |

## А) Идентификациски податоци

| | |
|---|---|
| **Област:**<br>Организиран криминал<br>Криминалистичка полиција<br>Криминалистичка техника | **Наслов на континуирана обука:**<br>Борба против трговија со дрога и психотропни супстанции |
| **Код (ознака):ПА-10/05** | **Ниво на програмата (основно, напредно, корективно): Основно** |

## Б) Приказ на програмата:

**Општа цел на учењето:**

Целта на оваа обука е да се зголемат капацитетите и да се развијат знаењата и вештините на полициските службеници, при справување со појавата на сузбивање на недозволена трговија со дрога и психотропни супстанции.

| | |
|---|---|
| **Специфични цели на учењето (работни компетенции):**<br>На крајот од обуката ќе добиеме полициски службеници, кои:<br>▪ постапуваат во рамките на пропишаните прописи, ја регулираат конкретната област<br>▪ препознава КД и применува полициски овластувања за откривање, расветлување и докажување на КД | **Клучни теми (или модули):**<br>1. Сузбивање на недозволена трговија со дрога и психотропни супстанции |

## В) Организација на обуката

| | |
|---|---|
| **Целна група:**<br>Полициски службеници | **Времетраење (денови или часови):**<br>Обуката ќе се реализира во времетраење од 6 наставни часа. |
| Големина на групата: 24 учесници | Формат (курс, работилница, семинар, ...):<br>Обука |
| **Критериуми за избор:**<br>▪ Полициски службеници од ПС | **Локација:**<br>Полициска академија |
| **Сертификат за обученоста (според начинот на верификација):**<br>Сертификат за учество во обука | **Трансфер (практикување) на наученото:**<br>Зголемување на професионалните стандарди кај полициските службеници при откривање и справување со ова КД |
| **Институционален испорачувач на обуката:**<br>Полициска академија | **Трошоци на обуката (вкупна цена по учесник според начинот на плаќање):**<br>▪ Институционално:<br>▪ Лично: |

| **А) Идентификациски податоци** | |
|---|---|
| **Област:**<br><br>Криминалистичка техника | **Наслов на континуирана обука:**<br><br>Увид на местото на настанот I |
| **Код (ознака) ПА-02/26** | **Ниво на програмата (основно, напредно, корективно): Основно** |

**Б) Приказ на програмата:**

**Општа цел на учењето**:

- да се добијат компетентни криминалистичко-технички работници што ќе знаат и умеат како да го заштитат местото на настанот и трагите од контаминацијата;
- да се добијат компетентни криминалистичко-технички работници што ќе знаат како да ја облечат заштитната опрема за вршење на увиди,
- да се добијат компетентни криминалистичко-технички работници што ќе знаат правилно да го фотографираат местото на настанот и да вршат правилна селекција на предметниот материјал.

| **Специфични цели на учењето (работни компетенции)**: | **Клучни теми (или модули):** |
|---|---|
| ▪ Утврдување дали навистина постои кривично дело или настан,<br>▪ Пронаоѓање и утврдување на идентитетот на жртвата и на сторителот<br>▪ Оспособување криминалистичко-технички кадар, кој на квалитетен, тимски и организиран начин ќе работи на местото на настанот кај разни форми на казнени дела; | 1. Фотографирање на местото на настанот;<br>2. Обезбедување и постапување со биолошки траги од местото на настанот;<br>3. Криминалистичка регистрација на лица;<br>4. Обезбедување и постапување со траги од папиларни линии од местото на настанот. |

| **В) ОРГАНИЗАЦИЈА НА ОБУКАТА** | |
|---|---|
| **Целна група: Вработени во Одделот за односи со јавност и стратешки прашања** | **Времетраење (дневни или часови):**<br>▪ 1 работен ден – 6 часа |
| **Големина на групата**: максимум 20 учесници | |
| **Критериуми за избор:**<br><br>Работници во МВР што се надлежни за криминалистичко техничка обработка на местото на настанот и криминалистичка регистрација на лица. | **Локација: Полициска академија** |
| **Сертификат за обученоста (според начинот н**<br><br>**верификација):** сертификат за завршена обука | ▪ Трансфер (практикување) на наученото: |
| **Институционален испорачувач на обуката: Полициска академија** | **Трошоци на обуката (вкупна цена по учесник според начинот на плаќање):**<br>▪ Институционално:<br>▪ Лично: |

| **А) Идентификациски податоци** | |
|---|---|
| **Област:** Човечки ресурси | **Наслов на континуирана обука:**<br>Протокол, односи со јавност и дипломатија |
| **Код (ознака) ПА- 02/25** | **Ниво на програмата (основно, напредно, коректививно): Основно** |
| **Б) Приказ на програмата:** | |
| **Општа цел на учењето**:<br>▪ Целта на обуката е да се добијат полициски службеници, професионално оспособени при примена на полициските овластувања, поседувајќи ги карактеристиките на професионалност, етичност, ефикасност, самоиницијативност, посветеност, аналитичност, толерантност и комуникативност. | |
| **Специфични цели на учењето (работни компетенции)**:<br>▪ Мултикултурност<br>▪ Комуникациски вештини<br>▪ Уметност на говорење | **Клучни теми (или модули):**<br>1. Основи на протокол;<br>2. Современа дипломатија и предизвици;<br>3. Етикеција, манири на маса, дипломатски протокол, мултикултура, уметност на говорење. |
| **В) ОРГАНИЗАЦИЈА НА ОБУКАТА** | |
| **Целна група: Вработени во Одделот за односи со јавноста, протокол, меѓународна соработка** | **Времетраење (денови или часови):**<br>▪ 3 работни дена – 18 часа |
| **Големина на групата**: максимум 20 учесници | Формат (курс, работилница, семинар, ...):<br>Обука |
| **Критериуми за избор:**<br>Вработени во Одделот за односи со јавноста – клучен персонал | **Локација: Полициска академија** |
| **Сертификат за обученоста (според начинот н верификација):** сертификат за завршена обука | ▪ Трансфер (практикување) на наученото: |
| **Институционален испорачувач на обуката: Полициска академија** | **Трошоци на обуката (вкупна цена по учесник според начинот на плаќање):**<br>▪ Институционално:<br>▪ Лично: |

## А) Идентификациски податоци

| | |
|---|---|
| **Област:**<br>Обезбедување лица, имоти и објекти | **Наслов на континуирана обука:**<br>Лично обезбедување на определени личности |
| **Код (ознака): ПА-03/18** | **Ниво на програмата (основно, напредно, корективно): Основно** |

## Б) Приказ на програмата:

**Општа цел на учењето:**

Стекнување со нови компетенции за постапување при вршење на задачите од лично обезбедување на определени личности.

| | |
|---|---|
| **Специфични цели на учењето (работни компетенции):**<br>▪ Правилна безбедносна процена<br>▪ Воспоставување безбедносна зона со дефинирање на безбедносни параметри<br>▪ Воспоставување комуникација согласно со посебно утврден кодиран именик<br>▪ Подготовка на ескортна формација, согласно со степенот на обезбедување | **Клучни теми (или модули):**<br>1. Методи и начини на извршување на работните задачи на личната придружба;<br>2. Методи и начини на извршување на работните задачи на претходница;<br>3. Методи и начини на извршување на работните задачи на сообраќајно и ескортно обезбедување. |

## В) Организација на обуката

| | |
|---|---|
| **Целна група:**<br>Полициски службеници | **Времетраење (денови или часови):**<br>Обуката ќе се реализира во времетраење од 30 часа или 5 работни дена. |
| Големина на групата: 24 учесници | Формат (курс, работилница, семинар, ...):<br>Обука |
| **Критериуми за избор:**<br>▪ Полициски службеници вработени во Одделот за заштита на определени личности и објекти | **Локација:**<br>Полициска академија |
| **Сертификат за обученоста (според начинот на верификација):**<br>Сертификат за учество во обука | **Трансфер (практикување) на наученото:**<br>Компетентни, креативни, самостојни и одговорни полициски службеници при вршење задачи од лично обезбедување. |
| **Институционален испорачувач на обуката:**<br>Полициска академија | **Трошоци на обуката (вкупна цена по учесник според начинот на плаќање):**<br>▪ Институционално:<br>▪ Лично: |

## А) Идентификациски податоци

**Област:**

Јавен ред и мир/Криминалистичка полиција

**Наслов на континуирана обука**

Водич на службено куче за пронаоѓање и детекција на опојни droги, психотропни супстанции и прекурсори

**Код (ознака):** ПА-04/22

**Ниво на програмата (основно, напредно, корективно): Основно**

## Б) Приказ на програмата:

**Општа цел на учењето:**

Компетентен водич на службено куче што постапува согласно со законската регулатива и ги спроведува предвидените постапки и процедури за употреба на службено куче.

**Специфични цели на учењето (работни компетенции):**

- Правилно и навремено издавање наредби на службеното куче
- Правилна интонација на гласот
- Правилно движење со службеното куче
- Познавање на начинот на функционирање на сетилата на службеното куче

**Клучни теми (или модули):**

1. Пронаоѓање и детекција на опојни дроги, психотропни супстанции и прекурсори;

## В) Организација на обуката

**Целна група:**

Полициски службеници од Единицата за службени кучиња

**Времетраење (денови или часови):**

Обуката ќе се реализира во времетраење од 90 часа или 15 работни дена.

Големина на групата: 4 учесници

Формат (курс, работилница, семинар, ...- Обука

**Критериуми за избор:**

- Полициски службеници вработени од Единицата за службени кучиња

**Локација:**

Полициска академија

**Сертификат за обученоста (според начинот на верификација):**

Сертификат за учество во обука

**Трансфер (практикување) на наученото:**

Компетентни, креативни, самостојни и одговорни полициски службеници при вршење задачи од лично обезбедување.

**Институционален испорачувач на обуката:**

Полициска академија

**Трошоци на обуката (вкупна цена по учесник според начинот на плаќање):**

- Институционално:
- Лично:

| А) Идентификациски податоци | |
|---|---|
| **Област: Општи и заеднички работи** | **Наслов на континуирана обука:**<br>Користење е-деловодник алатка за канцелариско и архивско работење |
| **Код (ознака):** ПА-01/26 | **Ниво на програмата (основно, напредно, корективно): Основно** |
| **Б) Приказ на програмата:** | |
| **Општа цел на учењето:**<br>Зголемување на капацитетите и развивање на знаењата и вештините на полициските службеници при водење канцелариско и архивско работење. | |
| **Специфични цели на учењето (работни компетенции):**<br>▪ Аналитички пристап кон водење истраги<br>▪ Утврдување на релевантни факти од факти и информации<br>▪ Правилно заведување влезни, излезни и внатрешни документи. | **Клучни теми (или модули):**<br>1. Користење е-деловодник алатка за канцелариско и архивско работење |
| **В) Организација на обуката** | |
| **Целна група:**<br>Работници во МВР што секојдневно користат е-деловодник. | **Времетраење (денови или часови):**<br>Обуката ќе се реализира во времетраење од 6 часа или 1 работен ден. |
| Големина на групата: 4 учесници | Формат (курс, работилница, семинар, ...):<br>Обука |
| **Критериуми за избор:**<br>▪ Работници во МВР што секојдневно користат е-деловодник. | **Локација:**<br>Полициска академија |
| **Сертификат за обученоста (според начинот на верификација):**<br>Сертификат за учество во обука | **Трансфер (практикување) на наученото:**<br>Компетентни, самостојни и одговорни полициски службеници при користење е-деловодник. |
| **Институционален испорачувач на обуката:**<br>Полициска академија | **Трошоци на обуката (вкупна цена по учесник според начинот на плаќање):**<br>▪ Институционално:<br>▪ Лично: |

| **А) Идентификациски податоци** | |
|---|---|
| **Област: Јавен ред и мир** | **Наслов на континуирана обука:**<br>Полициско работење во заедницата |
| **Код (ознака):** ПА-05/25 | **Ниво на програмата (основно, напредно, корективно):** Основно |
| **Б) Приказ на програмата:** | |
| **Општа цел на учењето:**<br>Да ги развијат и да ги надградат претходно стекнатите знаења и вештини, клучни и значајни за полициско работење во заедницата. | |
| **Специфични цели на учењето (работни компетенции):**<br>▪ Креативно и одговорно полициско работење преку разбирање на проблемите на заедницата<br>▪ Зголемување на легитимитетот и интегритетот на полицијата<br>▪ Зајакнување на довербата кај граѓаните<br>▪ Разбирање на концептот на партнерство со заедницата. | **Клучни теми (или модули):**<br>1. Полициско работење во заедницата и градење доверба<br>2. Партнерство со заедницата<br>3. Комуникација и организациска поддршка<br>4. Проактивно полициско работење |
| **В) Организација на обуката** | |
| **Целна група:**<br>Полициски службеници | **Времетраење (денови или часа):**<br>Обуката ќе се реализира во времетраење од 6 часа или 1 работен ден. |
| Големина на групата: 24 учесници | Формат (курс, работилница, семинар, ...):<br>Обука |
| **Критериуми за избор:**<br>▪ Полициски службеници | **Локација:**<br>Полициска академија |
| **Сертификат за обученоста (според начинот на верификација):**<br>Сертификат за учество во обука | **Трансфер (практикување) на наученото:**<br>Компетентни, самостојни и одговорни полициски службеници кои се во партнерство со заедницата. |
| **Институционален испорачувач на обуката:**<br>Полициска академија | **Трошоци на обуката (вкупна цена по учесник според начинот на плаќање):**<br>▪ Институционално:<br>▪ Лично: |

## А) Идентификациски податоци

**Област:** Менаџмент/Човечки ресурси

**Наслов на континуираната обука:** Менаџмент од ниско ниво

**Код (ознака): ПА-01/21**

**Ниво на програмата (основно, напредно, корективно):** Основно

## Б) Приказ на програмата:

**Општа цел на учењето:**

Целта на обуката за менаџери на прво ниво е развој и унапредување на знаења, способности и компетенции за поефикасно раководење, организирање и координирање на работните процеси и тимови во рамките на нивните надлежности.

**Специфични цели на учењето (работни компетенции):**

На крајот од обуката се добива раководител/менаџер, кој:

- ги знае основните чекори во процесот на донесување одлуки
- изготвува акциски планови за управување со времето и постапува по приоритетните листи на задачи;
- гради тим и учествува во тимска работа;
- знае да делегира одредени надлежности и да ги контролира;
- препознава неетичко однесување без интегритет;
- препознава и управува со стресот;
- планира задачи и ги реализира

**Клучни теми (или модули):**

1. Донесување одлуки
2. Управување со времето
3. Градење тим
4. Делегирање
5. Решавање проблеми
6. Етика и интегритет
7. Управување со стресот
8. Планирање
9. Мотивирање

## В) Организација на обуката

**Целна група:** Менаџери од ниско ниво

**Времетраење (денови или часови):** Обуката ќе се реализира во времетраење од 42 наставни часа или 7 работни дена од по 6 наставни часа.

Големина на групата: - 20 учесници

Формат (курс, работилница, семинар...) – Обука

**Критериуми за избор:**

- Полициски службеници, менаџери од ниско ниво

**Локација:** Полициска академија

**Сертификат за обученоста (според начинот на верификација):** Сертификат за успешно завршена обука

**Трансфер (практикување) на наученото: Раководители од прво ниво поефикасно ја планираат, координираат и раководат работата**

**Институционален испорачувач на обуката:** Полициска академија

**Трошоци на обуката (вкупна цена по учесник според начинот на плаќање):**

- Институционално: МВР
- Лично:

| **А) Идентификациски податоци** | |
|---|---|
| **Област:** Менаџмент/човечки ресурси | **Наслов на континуираната обука:** Менаџмент од ниско ниво |
| **Код (ознака): ПА-01/21** | **Ниво на програмата (основно, напредно, корективно):** Основноа |
| **Б) Приказ на програмата:** | |
| **Општа цел на учењето:** Целта на обуката за менаџери на прво ниво е развој и унапредување на знаења, способности и компетенции за поефикасно раководење, организирање и координирање на работните процеси и тимови во рамките на нивните надлежности. | |
